# С О Г Л А С Н О С Т
## ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ ИЗВЕШТАЈ ОД МАКЕДОНСКО КРЕДИТНО БИРО АД СКОПЈЕ (МКБ)

| **Пополнува физичко лице** | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Адреса | |
| ЕМБГ | |

Со цел за: (на пример: одобрување на кредитна изложеност и следење на севкупната кредитна изложеност на клиентот, осигурување, односно засновање на деловен однос со корисникот на податоците)

______________________________________________________________________

Давам согласност на ____________________________________________________

(назив на Корисникот на податоци)

да добива извештаи за состојбата на моите обврски по кредити, гаранции, акредитиви, заеми, платежни картички, финансиски лизинг, осигурување, обврски по основ на даноци, обврски за телекомуникациски услуги, обврски за услуги од областа на енергетиката, комунални давачки, такси, придонеси, обврски по основ на користење на други услуги, податоци за секоја блокада и деблокада на (трансакциска) платежна сметка во реално време, како и други податоци од јавни книги и регистри и други јавно достапни податоци, исклучиво за горенаведената цел и за целото времетраење на истата.

Согласноста се однесува на добивање на сите видови извештаи кои се изготвени согласно Законот за кредитно биро: Извештаи за кредитна анализа – Кредитен извештај и Извештај за кредитно рангирање.

Запознат/а сум дека:
1. МКБ може да подготви и достави извештај на Корисник на податоци само со моја претходна писмена согласност.
2. Имам право на увид во податоците кои се водат во МКБ, како и да ја оспорам точноста и целосноста на кој било податок содржан во извештајот.
3. МКБ не сноси одговорност заради податоците содржани во извештајот или за каква било неповолна активност преземена од Корисникот на податоците спрема мене, заснована целосно или делумно на извештајот, освен во случај на доставување на лажни информации со цел да ми наштети мене или на давателот на податоци или на корисникот на податоци.
4. МКБ ги брише моите податоци по изминување на 5 години од исплата на обврската или затворање на сметката.
5. Имам право со писмена изјава да ја повлечам оваа согласност кај корисникот на податоци кај кого е дадена согласноста за изработка и доставување на извештаи од страна на МКБ. Писмената изјава за повлекување на согласноста има дејство само доколку корисникот на податоци до моментот на приемот на изјавата нема доставено барање до МКБ за добивање на извештај.

______________________________ ______________________________

(Место и датум) (Давател на согласност)

*Согласноста се дава во согласност со членовите 6, 11-а и 21 од Законот за кредитно биро („Службен весник на РМ“ бр.81/08, ... и „Службен весник на РСМ“ бр.122/21)